Врз основа на член 25 став 1 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на РМ“ бр. 19/95) министерот за внатрешни работи донесува

# П Р А В И Л Н И К<br>ЗА ЛЕГИТИМАЦИИТЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат обрасците и постапката за издавање на легитимации на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: службени легитимации).

Член 2

Образецот на службената легитимација на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи е со димензија 6 х 9,5 см кој е сместен во троделна кожна обвивка со црна боја, големина 7х31 см. (прилог бр. 1 и2).

Образецот на службената легитимација е сместен во внатрешната горна страна од кожната обвивка, под проѕирна пластична фолија.

На предната страна образецот содржи: натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“, и „СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА“. На истата страна, во средината, има место за фотографија со димензии 2,5х3 см, а под неа се впишуваат податоци за: името и презимето на овластеното службено лице и потпис на лицето овластено за издавање на службената легитимација. Во долниот дел на златножолта подлога со црвена боја е отпечатен серискиот број.

Задната страна на образецот содржи отпечатен симбол на Република Македонија под кој се впишуваат податоци за: датумот и местото на раѓање на овластеното службено лице, неговото живеалиште, датумот на издавањето на службената легитимација, регистарскиот број и крвната група на овластеното службено лице.

На внатрешната долна страна од кожната обвивка се наоѓа метална значка, која во горниот дел содржи сериски број, истоветен со серискиот број на легитимацијата. Значката во средишниот дел содржи симбол на Република Македонија, со натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ и „ПОЛИЦИЈА“.

Член 3

Образецот на службената легитимација на овластените службени лица на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање како орган во состав на Министерството е со димензии 6 х 9,5 см кој е сместен во дводелна кожна обвивка со темно-црвена боја, големина 8х23 см. (прилог бр. 3 и 4).

Образецот на службената легитимација е сместен во внатрешната горна страна од кожната обвивка.

На предната страна образецот содржи: натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“, „ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ“. На истата страна, во средината, има место за фотографија со димензии 2,5 х 3 см, под која стои натпис „СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА“ а под него се впишуваат податоци за: името и презимето на овластеното службено лице и потпис на лицето овластено за издавање на службената легитимација. Во долниот дел на црвена подлога со црна боја е отпечатен серискиот број.

Задната страна на образецот содржи отпечатен симбол на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање под кој се впишуваат податоци за: датумот и местото на раѓање на овластеното службено лице, неговото живеалиште, датумот на издавање на службената легитимација, регистарскиот број и крвната група на овластеното службено лице.

На внатрешната долна страна од кожната обвивка се наоѓа метална значка со тркалезна форма, дијаметар 6 см, која во горниот дел содржи сериски број истоветен со серискиот број на легитимацијата. Значката во средишниот дел содржи симбол на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање околу кој е содржан натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“ и „ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ“.

Член 4

Службените легитимации се издаваат за време додека работникот согласно Законот за внатрешни работи има статус на овластено службено лице.

Овластеното службено лице на кое ќе му престане работниот однос во Министерството за внатрешни работи или ќе биде распоредено на работно место без посебни должности и овластувања, ја враќа службената легитимација на Министерството.

Член 5

Службената легитимација не смее да се носи во странство.

Овластено службено лице кое ќе ја загуби службената легитимација или на друг начин ќе остане без неа веднаш ја известува соодветната организациона единица на Министерството за внатрешни работи.

Член 7

Службената легитимација се заменува со нова, кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога имателот на службената легитимација ќе го промени личното име.

Член 8

Службените легитимации што се враќаат или заменуваат, се ништат.

Член 9

За издадените службени легитимации на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи се води евиденција.

Евиденцијата за издадените службени легитимации содржи: реден број, име и презиме на работникот на кој му е издадена службената легитимација, датум на издавањето, сериски број на службената легитимација, назив на организационата единица на Министерството за внатрешни работи каде што овластеното службено лице е распоредено и рубрика за забелешки.

Редниот број на евиденцијата под кој е извршен упис на податоците се впишува во службената легитимација како регистарски број.

Во рубриката за забелешки се запишуваат измените на податоците од ставот 2 на овој член.

Член 10

Обрасците на службените легитимации дадени во прилог бр. 1, 2, 3 и 4 се составен дел на овој правилник.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за легитимациите на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РМ“, бр. 4/93).

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 201-5065/1
14 февруари 1997 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Томислав Чокревски,** с.р.

Прилог бр.1




предна страна



задна страна

Прилог бр.2



предна страна

Прилог бр.3




задна страна




Прилог бр.4

